# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни податоци за вкупна километража на државни патишта (поделени по категории) во земјава и вкупен број на активни патарини во земјава?
2. Дали има некое воспоставено правило на колку километри и на какви патишта се поставува патарина?
3. Доставете ни податоци за тоа колкав е вкупниот приход по основ на плаќање на патарини за 2020/2019/2018 година? Ве молиме да ја наведете и колку е нето добивката на претпријатието за 2020/2019/2018 година.
4. Доставете ни податоци за тоа колкави се вкупните трошоци за одржување само на патарините вклучувајќи ги и платите на вработените и ангажираните лица на патарините.
5. Колку средства се собираат по основ на регистрација на возила- ставка одржување на патиштата за последните три години 2020/2019/2018
6. Каде може да се најде Стратегијата за развој и одржување на државните патишта која се споменува и во законот?
7. Ве молиме да ни доставите информација дали на некоја патарина има јавен тоалет кој може да го користат патници и доколку има на која патарина е?
8. Дали постои обврска за изградба на места за одмор – паркинзи и на колку км? Што сè треба да содржи местото за одмор? Доколку постои ваква обврска, во чија надлежност е истата?
9. Дали постои обврска за поставување на јавни тоалети на патиштата низ земјава и ако постои таква обврска на колку км треба да се постават истите и според кои стандарди?
10. Дали како Јавно претпријатие за државни патишта имате планирано да градите тоалети на некои од автопатите? Дали има некој стандард кој го следите или би го следеле при изградба на тоалет, во смисла колку санитарни чворови се ставаат во јавен тоалет, какви видови тоалети, достапни за инвалидизирани лица, за родители со деца и бебиња и сл.?
11. Дали се поставуваат информации на автопатите на колку км има јавен тоалет за луѓето навреме да бидат информирани?
12. Дали како Јавно претпријатие за државни патишта имате направено проценка колку кошта изградба и годишно одржување на еден јавен тоалет?
13. Доколу е направена проценка колку кошта одржувањето на тоалетот, што сè се подрабира под одржување на еден јавен тоалет (да има сапун, тоалет хартија, средство за дезинфекција и сл.)
14. Колку средства од буџетот на претпријатието за 2018, 2019 и 2020 се потрошени по основ на одржување на јавни тоалети покрај патишттата под ваша надлежност?

**Одговор на Барање за пристап на информации од јавен карактер**

1. Доставете ни податоци за вкупна километража на државни патишта (поделени по категории) во земјава и вкупен број на активни патарини во земјава? **Одговор:** Во РСМ има вкупно 4.862 км државни патишта. Од нив 262 км се класифицирани како автопатишта, 911 км како магистрални патишта и 3.689 км се регионални патишта. Активни патарини има 11, од кои 6 патарини се на Коридор 10 и 5 патарини се на Коридор 8.

2. Дали има некое воспоставено правило на колку километри и на какви патишта се поставува патарина? **Одговор:** Ова прашање е регулирано во член 58 од Законот за јавни патишта кој Ви е достапен на web страната на Јавното претпријатие за државни патишта http://www.roads.org.mk/ во делот РЕГУЛАТИВА каде што се јавно достапни и сите останати документи:

РЕГУЛАТИВА

- ЗАКОНИ
- ПОДЗАКОНСКИ АКТИ
- АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО
- ОДОБРУВАЊА
- ГОДИШНА ПРОГРАМА
- ПЕТГОДИШНА ПРОГРАМА
- РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ
- ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
- КОДЕКС
- ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
- КВАРТАЛНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Цената на чинење на патарината се определува согласно со Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместок за употреба на пат (патарина) од 11.06.2019 година (одлуката е во прилог, а е достапна и на веб страната). Таа изнесува 2,5784 денари/километар. Нема ограничување за наплата на надоместок за употреба на пат во однос на категоријата на патот. Надоместок за употреба може да се применува и на објекти од патот, како тунели, мостови и слично.

3. Доставете ни податоци за тоа колкав е вкупниот приход по основ на плаќање на патарини за 2020/2019/2018 година? Ве молиме да ја наведете и колку е нето добивката на претпријатието за 2020/2019/2018 година.

**Одговор:**

Приход од патарина по години

2018 - 2.494.200.560 денари

2019 – 2.687.428.467 денари

2020 – 2.080.882.720 денари

Нето добивка по години

2018 – 2.499.257.805 денари

2019 – 2.885.000.995 денари

2020 – 4.595.659.800 денари

4. Доставете ни податоци за тоа колкави се вкупните трошоци за одржување само на патарините вклучувајќи ги и платите на вработените и ангажираните лица на патарините.

**Одговор:**

За одржување на патарините ЈПДП има склучено договор со правно лице кое ја одржува хигиената на наплатните станици и во 2020 година за тие услуги ЈПДП има потрошено 2.726.873 денари.

Плати за вработени на патарини во 2020 година – 206.147.268 денари.

5. Колку средства се собираат по основ на регистрација на возила- ставка одржување на патиштата за последните три години 2020/2019/2018

**Одговор;**

<u>Приход од регистарција по години</u>

2018 – 1.661.666.870 денари

2019 – 1.744.684.660 денари

2020 – 1.759.201.939 денари

6. Каде може да се најде Стратегијата за развој и одржување на државните патишта која се споменува и во законот?

   **Одговор:**

   Согласно член 13 од Законот за јавни патишта, релевантните информации ќе ги добиете од надлежното министерство за спорведување на Страегијата донесена од Собранието на РСМ по предлог на Владата на РСМ.

7. Ве молиме да ни доставите информација дали на некоја патарина има јавен тоалет кој може да го користат патници и доколку има на која патарина е?

   **Одговор:**

   На наплатните станици нема јавни тоалети.

8. Дали постои обврска за изградба на места за одмор – паркинзи и на колку км? Што сè треба да содржи местото за одмор? Доколку постои ваква обврска, во чија надлежност е истата?
9. Дали постои обврска за поставување на јавни тоалети на патиштата низ земјава и ако постои таква обврска на колку км треба да се поставаат истите и според кои стандарди?
10. Дали како Јавно претпријатие за државни патишта имате планирано да градите тоалети на некои од автопатите? Дали има некој стандард кој го следите или би го следеле при изградба на тоалет, во смисла колку санитарни чворови се ставаат во јавен тоалет, какви видови тоалети, достапни за инвалидизирани лица, за родители со деца и бебиња и сл.? **Одговор**: Во врска со одговор на прашањата 8, 9 и 10 ве информираме дека ЈПДП нема пракса на изградба на јавни тоалети, бидејки нема ниту законска регулатива поврзана со ова прашање. Оттука произлегува дека нема обврска за изградба.

Доколку се донесе законска регулатива за оваа област, ЈПДП ќе ја применува.

11. Дали се поставуваат информации на автопатите на колку км има јавен тоалет за луѓето навреме да бидат информирани? **Одговор:** Да, на државните патишта поставена

е информативна вертикална сигнализација со која се најавуваат одморалиштата со прислужно услужни објекти во кои има јавен тоалет.

12. Дали како Јавно претпријатие за државни патишта имате направено проценка колку кошта изградба и годишно одржување на еден јавен тоалет?
13. Доколу е направена проценка колку кошта одржувањето на тоалетот, што сѐ се подрабира под одржување на еден јавен тоалет (да има сапун, тоалет хартија, средство за дезинфекција и сл.)
14. Колку средства од буџетот на претпријатието за 2018, 2019 и 2020 се потрошени по основ на одржување на јавни тоалети покрај патишттата под ваша надлежност?

**Одговор:** Јавното претпријатие за државни патишта ве известува дека нема направено проценка колку чини изгардба и одржување на јавни тоалети. Уште еднаш наведуваме дека сите документи се достапни на нашата Web страна како документи од јавен карактер каде што исто така можете да ги најдете и Програмите за 2020 и 2021 и ги содржат сите барани податоци.